РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.938/19
09.10.2019 год.
Ш Т И П

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ГРАЃАНИТЕ

Се известуваат граѓаните дека Апелациониот суд од Штип се вклучува во одбележување на, Европски ден на правдата - 25-ти Октомври .

Се повикуваат граѓаните да го посетат Апелациониот суд во Штип на ден 25.10.2019 год. во периодот од 10.00 до 14.00 часот.

Овој значаен ден ќе се одбележи со организирање на :

**ОТВОРЕН ДЕН НА СУДОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ**

Република Северна Македонија се вклучува во одбележувањето на 25-ти Октомври - Европскиот ден на правдата, што секоја година се одбележува во сите држави во Европа. Целта за неговото одбележување е во сите европски држави правдата да се доближи до граѓаните и тие да бидат запознаени со нејзиното спроведување. Со тоа се обезбедува широк пристап до правдата за граѓаните и пошироката јавност. Интенцијата за одбележување на Европскиот ден на правдата е на граѓаните во Европа да им се овозможи одблизу да бидат запознаени со нивните основни права во повеќе области(семејно право, право на сопственост, наследување, договорно право, авторско право и сл). Исто така на овој ден граѓаните во Европа се запознаваат со функционирањето на системот на правосудството во поширока смисла (пристап до правдата, медијација, извршување на судски пресуди и сл).

На сите посетители ќе им се објасни местото и улогата на судовите во системот на заштита на човековите права, пристапот до судовите, начинот на водењето на судските постапки, приемот на предметите и нивното распоредување по судиите и сл.

На присутните ќе им се даде и приказ на средствата за работа, условите во кои судовите работат,примената на информатичка технологија и сл.

Се надеваме дека на ваков начин ќе се даде придонес за зголемување на транспарентноста на судовите кон јавноста.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Претседател на судот
Наке Георѓиев